Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 септември 2021 година, дава

РЕШЕНИЕ
за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 29.09.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 1053/11 | | |

Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-57/6 од 12.8.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, достави барање бр.09-918/5 од 26.8.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-759/1 од 27.8.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“на при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-759/2 од 30.8.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.
Комисијата на 3.9.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-759/3 од 6.9.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).
Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-9915/1
21 септември 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев